# Охрид да добие национална и градска галерија

од **Александар Петровски** - 16/09/2017



Малобројните галерии во градот се претесни за во нив да можат да се претставаат барем поголемиот дел од сликарите, било локални, било национални.

Охридските сопственици на галерии бараат да се реализираат ветувањата за отворање галериски простор каде уметниците ќе можат да ги изложуваат своите дела, информира телевизија ТВМ. Малобројните галерии во градот се претесни за во нив да можат да се претставаат барем поголемиот дел од сликарите, било локални, било национални. Потребата од национална и градска галерија се наметнува од два аспекти. Едниот е потребата на уметниците за свој репрезентативен простор, а вториот е потребата на туристите да посетат една галерија во која ќе можат да добијат впечаток за современата уметност со која располага градот, но и државата.
**– Години наназад сум разговарал со високите функционери кои биле актуелни во градов, но и на државно ниво. Им предочив дека Охрид има потреба од национална галерија, бидејќи тоа го бараат и туристите. Во Заводот и во Музејот имаме прекрасен фонд на дела од автори од минатиот век кои се со огромна вредност, а кои немаме каде да ги изложиме –** вели Љупчо Жупан, сопственик на галеријата „Букефал".

Според него, покрај национална галерија, во градот треба да има и една помала галерија во која ќе можат да изложуваат авторите од поновата генерација. Поради немањето простор каде да ги покажат своите дела, тие се дестимулираат да творат, додава Жупан.
– **Градов има потреба да ја покаже и современата уметност. Не треба само да се обрнува внимание на културното наследство како што се црквите и спомениците, туку своето место треба да си го добијат и делата од современата уметност. Треба туристите да добијат впечаток дека во нашата држава има личности од светски калибар кои создаваат и творат и оставаат печат – посочува сопственикот на „Букефал"**.
Сопствениците на галериите порачуваат, за луѓето да добијат нови визии и духовно да се возвишуваат од работата на сликарите, потребна е поквалитетна културна понуда на изложби во текот на целата година, а за тоа што поскоро е потребна национална и градска галерија.